Врз основа на член член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 184 став 7 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за пропишување на начинот, формата и роковите за доставување на податоците и/или информациите од листата на најрепрезентативните услуги**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат начинот, формата и роковите за доставување на податоците и/или информациите од листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка (во натамошниот текст: најрепрезентативни услуги), утврдени со Одлуката за утврдување на листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22), до Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка).
2. Оваа одлука се применува на сите даватели на платежни услуги кои овозможуваат отворање, одржување и затворање на платежните сметки на потрошувачите.

## II. НАЧИН, ФОРМА И РОКОВИ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ И/ИЛИ ИНФОРМАЦИИТЕ

3. Давателите на платежни услуги се должни да ги доставуваат податоците и/или информациите за надоместоците за најрепрезентативните услуги и информативниот документ за надоместоците, согласно со прилогот бр. 1 од Одлуката за утврдување на листата на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка и формата и содржината на информативниот документ за надоместоците и извештајот за надоместоците и нивните заеднички симболи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/22), до Народната банка поврзани електронски согласно со Одлуката за поврзувањето со информатичкиот систем на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 116/14).

4. Давателите на платежни услуги се должни да ги доставуваат податоците и/или информациите од точката 3 од оваа одлука најдоцна пет работни дена пред датумот на отпочнување на нивната примена.

5. По исклучок од точката 4 од оваа одлука, давателот на платежни услуги на кој за првпат му е издадена дозвола за давање платежни услуги е должен да ги достави податоците и/или информациите од точката 3 од оваа одлука најдоцна

по истекот на шест месеци, сметајќи од првиот ден во месецот во кој му е издадена дозволата.

6. Давателите на платежни услуги треба да ги достават првите податоци и/или информации од точката 3 од оваа одлука најдоцна до 20 август 2023 година.

7. Народната банка на својата веб-страница ќе објавува споредбени податоци по поединачен давател на платежни услуги за видот и висината на надоместоците коишто одделните даватели на платежните услуги ги пресметуваат и ги наплаќаат, и тоа за секоја од услугите што се определени како најрепрезентативни за платежната сметка на потрошувачите, на денот на нивната примена, со исклучок на податоците од точката 6 од оваа одлука, коишто ќе ги објави најдоцна до 30 септември 2023 година.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Гувернерот на Народната банка со упатство го пропишува начинот на доставување на податоците и/или информациите до Народната банка со цел споредба на надоместоците на најрепрезентативните услуги поврзани со платежната сметка.
   Упатството од став 1 на оваа точка ќе се донесе најдоцна во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

**О бр. 02-15/XX-2/2022**
**25 ноември 2022 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**